09 - 3730/2
21 -03- 2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63 - та седница, одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 09-3730/1 од 07.10.2021 година, против ---------, директор на ЈУ --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи и по утврдување на фактичка состојба донесена е Одлука со бр. 09-2792/1 од 13.08.2021, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Предметот со број 09-3730/1 од 07.10.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3730/1 од 07.10.2021 година е оформен по поднесена пријава од вработени во ЈУ ----------- против лицето -------, директор на ЈУ -----------.

Имено, во пријавата се наведени наводи за несовесно извршување на службената должност од страна на службеното лице ---------- и тоа дека нејзино блиско лице (сопруг) е вработено во истата институција и врши контрола врз нејзината работа, односно ја контролира нејзината работа.

ДКСК при постапување по предмет со бр. 09-5648/1 од 16.12.2019 година со исти наводи како и погоре наведената пријава, ја констатира следната фактичка состојба:

Лицето ----------- (сопруг на директорката на ЈУ ------------) е вработено во оваа институција од 01.06.1994 година на работно место Координатор на оддел во Оддел за брак и семејство во Служба за брак и семејство и заштита од семејно насилство. Истото лице, согласно Правилникот за систематизација на работните места на оваа институција одговара пред раководителот на Служба за брак и семејство и заштита од семејно насилство, односно истиот не може да ја контролира работата на неговата сопруга.

Од друга страна, службеното лице ------------ е назначена за директор на ЈУ ------- од 16.10.2018 година.

Согласно предвидените забрани и ограничувања во извршувањето на јавните овластувања и должности на службените лица од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не постои ограничување блиски лица, во конкретниот случај сопружници, да работат во иста институција.

На 50 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 22.07.2021 година, Државната комисија за спречување на корупцијата донесе Одлука со број 09-2792/1 од 13.08.2021.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk